**Еден од двајца граѓани (47,1%) се против каква било промена на името**, што по растот во 2013 година (62,3%), е враќање на нивото од 2010 година (48,4%). Иако мнозинството етничките Македонци (59,6%) се за никаква промена, сепак за забележување е намалување на овој став во однос на 2013 година (79,7%). Ова го покажаа резултатите од истражувањето на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС).

**„Ерга омнес“ е најмалку прифатливо решение** и овој став е повисок од сите претходни истражувања.




**Јазот меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во однос на решението се продлабочува.** Па така, кај ставовите за „зачувување на името“ наспроти „евроатлантските интеграции“, 44,6% од етничките Македонци би избрале зачувување на името, а 90,1% етнички Албанци би избрале евро-атлантски интеграции.

**Јазот би бил најдлабок во случај на референдум за промена на името**

, на кој 85% етнички Албанци би гласале „да“, наспроти 62% на етнички Македонци кои би гласале „не“.

**Споено име (пр. Горнамакедонија) е неприфатливо за големо мнозинство на граѓани (79,1%)**, што е уште поизразено меѓу етничките Македонци (89,9%). За половина на граѓаните (44,9%), како и за мнозинството етнички Македонци (55,1%), не е прифатлива ниту една географска одредница. За граѓаните е **прифатлива неексклузивна употреба на поимот Македонија од двете земји** (53,5%). Вкупно 71,7% од граѓаните се против промена на МК-кодот на земјата, односно интернет-кодот (69,2%).

**Мнозинството на граѓани (51%), целосно или донекаде, не го оправдуваат преименувањето на аеродромот и автопатот.**

На 65,6% граѓани, не им е прифатливо отстранување на споменикот „Воинот на коњ“. Додека тоа е неприфатливо за 77,9% од етничките Македонци, тоа е прифатливо за 69% од етничките Албанци.

**Најсоодветен момент за стапување во сила на договорот за 35,6% од граѓаните е кога Македонија ќе стане членка на ЕУ.** Причината за тоа е да се одбегнат нови условувања од страна на Грција. Идентитетот продолжува да биде гранитна црвена линија. Дефинирање националност и државјанство како македонски, прифаќаат 47,9%, одредени варијации како латинична или двојна употреба прифаќаат 25,3%, а дефинирање како граѓанин на Република Горна Македонија прифаќаат 14,4% граѓани. Слични се ставовите и за дефинирање на јазикот. Граѓаните ги сметаат **јазикот** (27,45%), **Уставот** (23,5%) и **државјанството** (23,1%) за **најважни за зачувување на идентитетот на македонскиот народ**.

**Скоро половина од граѓаните (45,1%) веруваат дека со промена на уставното име ќе се промени идентитетот**, 17,8% сметаат дека во ниедна ситуација нема да се промени македонскиот идентитет. **Против каква било промена на Уставот се 48,3% граѓани**, без разлика дали се тоа одредби за името или за други прашања. Промена на Уставот за дефинирање на меѓународно име е прифатлива за 18,3% од граѓаните.


СПОРОТ ЗА
ИМЕТО

[illegible]